ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект:** Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон – Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за сопствени приходи - 531

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- ангажирани се 17 лица со договор за дело за работни места предвидени со Актот за систематизација на работните места, а од друга страна во текот на 2020 година клиниката добила согласност за редовно вработување на 17 лица, при што 8 од предвидените работни места се идентични со работните места за кои се ангажирани лица со договор на дело и
- во дел од спроведените постапки за јавна набавка констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

**Клучни препораки:**
- ангажирањето на лица со договор на дело да се врши согласно реалните потреби на Клиниката имајќи го предвид бројот на редовно вработени лица и обемот на извршените здравствени услуги
- преземање на активности за доследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
Клиниката има ненаплатени побарувања од
- Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 7.006 илјади денари, а од друга страна има преземено обврски од Министерството во износ од 13.177 илјади кои не се подмирени до денот на вршење на ревизијата;
- Стоматолошкиот факултет за материјални трошоци за студентски вежби кои датираат од 2014 година во износ од 2.361 илјади денари.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 25-720/2 од 16.03.2022 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk